РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09 - 1073/6
16 -08- 2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 став 3 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, на дваесет и првата седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Антонио Милошовски поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на ЈП Водовод и Канализација Скопје, Александар Атанасов кое извршило избор за вработување на лицето Јелица Милошовска, негова братучетка, не ја извршува повеќе функцијата Директор на ЈП Водовод и Канализација Скопје.

Предметот со број 09-1073/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1073/1 од 06.03.2019 е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во ЈП Водовод и Канализација Скопје, за лицето Јелица Милошовска, братучетка на пратеникот Антонио Милошовски.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Јелица Милошовска.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ЈП Водовод и Канализација Скопје, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 12 август 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека вработувањето на лицето Јелица Милошовска, е спроведено по Закон за работни односи за кое не е реализирана транспарентна постапка, односно тогашниот директорот на ЈП Водовод и Канализација Скопје, Александар Атанасов извршил избор користејќи ги своите дискрециони права и овластувања без формирање на комисија за селекција, без спроведување на интервју и без подготовка на ранг листа.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија утврди дека постојат индиции за влијание од страна на Антонио Милошевски, кој во периодот на вработување на Јелица Милошовскакој бил пратеник во Собрание на Република Северна Македонија и Александар Атанасов – тогашен директор на ЈП Водовод и Канализација Скопје при постапка за вработување на блиско лице. Но поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на ЈП Водовод и Канализација Скопје, Александар Атанасов кое извршило избор за вработување на лицето Јелица Милошовска, не ја извршува повеќе функцијата директор на ЈП Водовод и Канализација Скопје, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под 09-1073/6.**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Владимир Георгиев**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk